Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 35 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр. 66/13 и 114/14), Министерството за правда, објавува

# ОГЛАС

## за проверка на знаењето на кандидати за постојани судски преведувачи

1. Кандидатот што сака да се пријави поднесува **барање** со уплатница за административна такса од 50,00 денари, во кое ги наведува личните податоци (име, татково име, презиме, адреса на живеење, e-mail адреса, телефон и слично) и за кој јазик/јазици бара да биде поставен како судски преведувач. Кон барањето е должен да приложи:
   - Уверение за државјанство;
   - Доказ за живеалиштето или престојувалиштето на подрачјето на судот, за кој што бара да биде поставен за преведувач (фотокопија од лична карта или потврда за престојувалиште);
   - Уверение или диплома за завршено високо образование;
   - Потврда од овластена образовна институција за активно познавање на македонскиот јазик (само доколку високото образование е завршено надвор од Република Македонија);
   - Уверение или потврда за активно познавање на странскиот јазик или јазикот на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија и
   - Уплатници.

2. Секој кандидат треба да достави **уплатница** во износ од **6.000,00 денари**, уплатени на жиро-сметката на Министерството за правда, на број **070010014063112** со назнака **„За проверка на знаење за судски преведувачи“**, назив на примачот - **Министерство за правда**, банка на примачот - **Народна банка на РМ**, трезорска сметка на Народна банка број **100000000063095**, приходна шифра **723013**, програма **10**.

3. Потребните документи треба да бидат во оригинал или копија заверена кај нотар (освен личната карта) и заедно со барањето да се доставaт во архивата на Министерството за правда, ул. Димитрие Чуповски бр. 9 - Скопје.

4. Проверката на знаењето се врши писмено и усно, согласно Програмата за проверка на знаењето на друг јазик за поставување на постојаните судски преведувачи.

5. Програмата и останатите информации за спроведување на постапката за проверка на знаењето се објавени на интернет страницата на Министерството за правда - www.pravda.gov.mk.

6. Писмениот дел од проверката на знаењето ќе се одржи на **14.10.2017 година (сабота), со почеток во 9,00 часот**, во просториите на **Апелациониот суд Скопје**.

7. Кандидатот кој ќе го положи писмениот дел од проверката на знаењето на јазикот, полага усмен дел најдоцна во рок од 7 дена по спроведување на писмениот дел.

8. Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Министерство за правда